Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-60/7
02-05-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-763/1 од 27.10.2023 година, поднесена од Синдикат на полиција на Македонија, со седиште на во Велес, во име на вработен во Министерство за внатрешни работи, СВР Велес, против СВР Велес и Велес при Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

# **МИСЛЕЊЕ**

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи сторена врз лицето во Министерство за внатрешни работи, СВР Велес, од страна на СВР Велес и СВР Велес при Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

## **Образложение**

На 27.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка од страна на Синдикат на полиција во Македонија, со седиште на во Велес, во име на лицето Велес, вработен во Министерство за внатрешни работи, СВР Велес, против СВР Велес и СВР Велес при Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работата и работните односи.

Според наводите во поднесената претставка, лицето , вработен во СВР Велес при Министерство за внатрешни работи, на 12..09.2023 година бил повикан од страна на на ООК од негова страна на коректен начин му било соопштено дека во иднина нема да биде ангажиран за работа подолга од полното работно време, односно дека во иднина нема да биде ангажиран на дежурства, а во однос на дежурствата предвидени со распоред за месец Септември 2023 година му било кажано дека ќе биде најдена негова соодветна замена. Воедно

посочено му било дека тоа не била негова одлука туку на на СВР Велес на СВР Велес , кои го повикале, му соопштиле и наредиле на на ООК вработениот да биде изземен од секаков вид на прекувремена работа.

Заради произнесување по наводите во претставката, Комисијата на 20.11.2023 година достави до Министерството за внатрешни работи, СВР Велес, Известување бр. 08-763/2 за произнесување по наводи во претставка со молба покрај произнесувањето да биде доставен и распоред на дежурства на вработените во СВР Велес за месеците септември, октомври и ноември 2023 година. По ова на 11.01.2024 година во Комисијата е пристигнат Одговор Рег. Бр. 22.23-9021/2 од 13.12.2023 година на Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Сектор за внатрешни работи Велес, заведен под број 08-60/1. Во Одговорот е наведено дека наводите изнесени во претставката во целост се неосновани. Се наведува дека од страна на СВР Велес, како резултат на зголемен обем на работа во Отсек за криминалистичко технички увиди и прелиминарни анализи во Одделение за криминалистички истраги, а со цел навремено, квалитетно и целосно да одговори на поставените работни задачи, за вработениот било поднесено Барање за распоредување по потреба на службата под Рег. Бр. 22.23.3-6592 од 21.09.2023 година до Министерство за внатрешни работи – Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси – Скопје. Барањето се однесувало на потребата именуваниот да биде распореден на работно место Виш инспектор во Одделение за криминалистички работи, СВР Велес. Поради наведеното, именуваниот бил изземен од други активности и од списокот на дежурства во Отсекот за општ криминалитет.

На 14.02.2024 година Комисијата испрати Барање број 08-60/2 до Началникот на ООК заради потребата од прибавување дополнителни податоци, и тоа – Изјава на ООК за насоките добиени од страна на СВР Велес и на СВР Велес дека во иднина вработениот нема да биде ангажиран на прекувремена работа, односно за дежурства во ООК и список на лица од ООК ангажирани за прекувремена работа и дежурства во 2023 година.

На 25.03.2024 година Комисијата достави до Министерство за внатрешни работи, СВР Велес, ООК Барање бр. 08-60/5 за вршење на увид и остварување на службен разговор, за што на 01.04.2024 година е сочинет Записник 08-60/6 за извршен увид и остварен службен разговор на 26.03.2024 година во просториите на СВР Велес. На Записник е утврдено дека дополнителниот на СВР Велес, изјавил дека по објавите на вработениот на социјалната мрежа Facebook, дополнителниот началник го повикал ОКП Велес и му рекол да не го става именуваниот – на списоци за прекувремена работа се додека тој не ја отстрани објавата од наведената социјална мрежа. Понатаму, бил остварен разговор и со

на ОКП за да се потврдат или побијат ваквите наводи, на што именуваниот изјавил дека наводите во претставката се точни и дека ова може да го потврди со негова лична изјава – како што е и сторено од негова страна, а Изјавата е дел од доказниот материјал по предметот оформен по поднесената претставка за заштита од дискриминација.

Од сето наведено, односно од наводите во претставката, произнесувањето по истата и доказите прибавени врз основа на увид и остварен службен разговор, Комисијата ја констатира следната фактичка состојба: лицето е вработено во Министерство за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи Велес прво на работно место во Отсек за општ криминалитет во Одделение за криминалистички работи во СВР Велес. По Барање на СВР Велес заради потребите на службата, а како резултат на зголемен обем на работа, именуваниот бил преместен на работно место Виш инспектор во Отсек за криминалистичко технички увиди и прелиминарни анализи во Одделение за криминалистички работи, СВР Велес. Согласно изјава на дополнителен СВР Велес се утврдува дека тој го повикал ОКП Велес и му посочил дека вработениот социјалната мрежа Facebook има објавено објава со спорна содржина според дополнителниот началник и додека истата не ја отстрани нема да биде ангажиран надвор од редовното работно време, односно нема да биде прекувремено ангажиран. Наведеното го потврдува и на ОКП видно од негова Изјава која е дел од доказен материјал по предмет оформен по претставка за заштита од дскриминација.

Согласно на сето изнесено, Комисијата утврди дека врз лицето вработен во Министерство за внатрешни работи, СВР Велес е извршена директна дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус од страна на на СВР Велес и на СВР Велес при Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, онака како е опишана во член 8 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација, и тоа ***<u>Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.</u>***

Со оглед на горното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27 став (2) од Закон за спречување и заштита од дискриминација ја дава следната препорака:

- СЕ ПРЕПОРАЧУВА лицата на СВР Велес и СВР Велес при Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, во иднина да се воздржат од

преземање дејствија кои резултираат со дискриминација на вработените во органот и продуцираат нееднаков третман кон истите.

Доколку не се постапи согласно препораките, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје,
02.05.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- Синдикат на полиција на Македонија, ул. "Андон Шурков", бр. 45А, Велес
- Министерство за внатрешни работи, СВР Велес
- Архива на КСЗД